Бр. 01-272/2
26.08. 2026 год.
БОГДАНЦИ

СОУ„БОГДАНЦИ“- БОГДАНЦИ

ИЗВЕШТАЈ
од Самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште СОУ „Богданци“ – Богданци за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година

Врз основа на член 64-б од Законот за средното образование и Правилникот за начинот на спроведување на самоевалуацијата, формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот за извршената самоевалуација, Комисијата за спроведување на самоевалуацијата го изготви следниот извештај.

За таа цел , директорот на СОУ„Богданци“ – Богданци формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата на работата и постигањата , во следниот состав:

Комисија за спроведување на самоевалуацијата:

Валентина Манолева – психолог

Андријана Тренчовска – педагог

Драгица Ѓавочанова – наставник

Верица Ризовска – наставник

Дијана Цветковска – родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот јуни–август 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот. Анализата се заснова на документација, анкети, интервјуа, набљудување и анализи по сите осум подрачја на вреднување.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на ден 26.08.2026, Комисијата ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување /реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај е презентиран описот/резимето , силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Наставни планови и програми

Опис/резиме на подрачјето
Процесот на самоевалуација во ова подрачје опфаќа детален увид во реализацијата и квалитетот на наставните планови и програми, како и воннаставните активности во училиштето. Анализата е направена врз основа на прегледани државни и училишни документи (донесени наставни планови и програми од МОН, годишни и тематски планирања, годишни програми, е-дневници, портфолија), како и врз основа на обработени податоци од анкетните прашалници за наставници, родители и ученици. Наставата во училиштето се реализира во пропишаниот обем по сите наставни предмети согласно одобрените наставни планови и програми.

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми за четиригодишно стручно образование во пет сектори/струки: Сообраќајна струка (техничар за транспорт и шпедиција), Здравствена струка (медицинска сестра и фармацевтски техничар), Текстилно-кожарска струка (техничар за дизајн на облека и техничар за изработка на облека), Градежно-геодетска струка (градежен техничар) и Електротехничка струка (електротехничар за компјутерска техника и автоматика и електротехничар-енергетичар). Од учебната 2021/2022 година успешно е воведено дуалното образование со зголемен број часови за практична настава преку модулот „учење преку работа кај работодавач".

Во учебната 2024/2025 година заврши последната генерација ученици кои реализираа наставен план и програми за реформирано гимназиско образование од подрачјата: природно-математичко подрачје и општествено-хуманистичко подрачје со комбинација А;

Училиштето обезбедува висок степен на информираност на родителите и учениците за наставните содржини (преку веб-страницата, социјалните мрежи, родителски средби).

Учениците самостојно и транспарентно преку анкети ги избираат предметите од подрачјето изборни модули. За три ученици со посебни образовни потреби успешно се изработени и се применуваат индивидуални образовни планови (ИОП) со поддршка на образовни асистенти, инклузивен тим и надворешна соработка со специјален едукатор и ДСУРЦ „Искра" – Штип. За задоволување на потребите и интересите на учениците и поддршка на нивниот образовен, личен и социјален развој, училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности. Учениците се вклучуваат во изборот на воннаставните активности според сопствен избор согласно своите интереси и афинитети, истите се подеднакво достапни за сите ученици и придонесуваат за афирмација на училиштето во локалната средина.

Силни страни

- Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем согласно донесените програмски документи од МОН;
- Успешна имплементација на дуално образование: Воведен е функционален дуален систем кој нуди зголемен број часови за практична настава, учење директно во компании, стекнување реални стручни компетенции потребни за пазарот на труд и можност за месечна стипендија за учениците (3500 денари);
-Транспарентен избор на предмети од подрачје изборни модули: Учениците и родителите се навремено информирани и имаат можност самостојно да ги избираат предметите од изборните модули согласно нивните желби и кариерна ориентација преку анкети;
- Инклузивна практика: Училиштето има формирано училиштен инклузивен тим и инклузивен тим на ученик, изработува и применува индивидуални образовни планови, има обезбедено образовни асистенти и остварува соработка со средно училиште со ресурсен центар.
- Разновидни и афирмативни воннаставни активности: Висок опфат на ученици во воннаставни активности без дискриминација (активни секции, крводарителски и еколошки акции, меѓународни проекти како *Cross-cultural Story Box*, Образовно рандеву, спортски натпревари, турнири) и одлична јавна промоција преку Фејсбук, медиуми и сл.
- Поттикната мултикултуралност и меѓупредметни цели: Успешно интегрирање на меѓупредметните цели (животни вештини, еко-стандарди) во редовната настава и воспоставено партнерство и соработка со ОСМУ „Никола Штејн" – Тетово за реализација на заеднички мултикултурни активности.

Слаби страни
- Потреба од напредни обуки за инклузија: И покрај првичните чекори, наставниот кадар и членовите на инклузивниот тим изразуваат потреба од дополнителни, подлабоки обуки за специфични пристапи и методи за работа со ученици со посебни образовни потреби.
Приоритети
- Континуирани обуки за инклузивно образование: Организирање насочени семинари и работилници за наставниот кадар за подобрување на вештините за диференцирана настава и работа со ученици со посебни образовни потреби - Интензивирање на соработката со ДСУРЦ „Искра“ – Штип во доменот на стручна поддршка, супервизија и заедничко усовршување при изработката и евалуацијата на среднорочните индивидуални образовни планови. - Професионален развој преку отворени часови: Понатамошно поттикнување на соработката меѓу наставниците преку реализација на отворени часови за практична примена на иновативни, интерактивни методи и поголема интеграција на ИКТ во наставата.

Подрачје 2: Постигнувања на учениците

Опис/резиме на подрачјето
Во ова подрачје е направен детален и систематски преглед на постигањата на учениците, нивното задржување/осипување, редовноста во наставата, напредокот и нивоата на постигања во последните две учебни години (2024/25 и 2025/26 година). За прибирање и анализа на податоците се користени методи на обработка на педагошка документација (електронски дневници, записници од класен/наставнички совет, извештаи од раководители на паралелки), евиденции и споредбени статистички анализи изработени од стручната служба, како и прашалници за ученици. Училиштето бележи висок процент на ученици кои успешно ја завршуваат годината и образованието, со остварен среден успех на ниво на училиште од 3.69 во учебната 2024/2025 г. и 3.64 во 2025/2026 г., при што девојчињата покажуваат континуирано подобар успех во однос на машките ученици (разлика од 0.70). На државната и училишната матура, како и на завршните испити, постигнат е висок процент на стекнати дипломи (над 98% во 2024/2025 г.), а во учебната 2025/2026 г. успешно е имплементирана и новата концепција за матура (државна, државна стручна и училишна стручна матура). Се реализираат континуирани активности за идентификација и поддршка на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби (вкупно 3 ученици работат по ИОП со обезбедени образовни асистенти од 2025/2026 г. и формиран инклузивен тим). Постигнат е успех на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари (како „Математика без граници“, NASA Space apps, Хакатони и Образовно рандеву) во различни категории. Во поглед на мултикултурализмот, преку заеднички активности со ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово и самостојни училишни активности, успешно се развиваат

интеркултурните компетенции кај учениците.
Силни страни
- Систематско следење: Училиштето располага со прецизни податоци и тримесечни, полугодишни и годишни споредбени анализи за постигањата и редовноста на учениците по паралелки, струки, пол и етничка припадност. - Инклузија и поддршка за ПОП: формиран училиштен инклузивен тим, инклузивен тим на ученик, изработени ИОП-и во соработка со родителите и стручните институции и обезбедени образовни асистенти за учениците со посебни образовни потреби. - Успех на натпревари: Бројни освоени награди, медали и признанија на сите нивоа (општински, регионални, државни и меѓународни) во различни наставни предмети, стручни вештини и спортски активности. - Проактивна уписна политика: Успешна реализација на „Отворен ден“ и промотивни активности во регионот, како и воведување нови атрактивни струки и образовни профили (дуални и комбинирани паралелки) усогласени со пазарот на трудот. - Интеркултурна соработка: Одлична меѓуетничка интеграција преку традиционално одбележување на Европскиот ден на јазиците и долгорочно партнерство со ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово преку заеднички креативни и стручни работилници. - Висок процент на ученици кои го завршиле ја завршуваат годината и средното образование: Минимално, речиси незначително повторување на годината (само 1 ученик во 3 години поради специфични околности) и исклучително висок процент на ученици кои успешно полагаат матура и завршен испит.
Слаби страни
- Опаѓање на средниот успех: Забележана е блага тенденција на опаѓање на средниот успех на ниво на училиште во последните две учебни години (намалување за 0.19 во 2024/2025 г. и дополнителни 0.05 во 2025/2026 г.). - Зголемување на изостаноците: пораст на вкупниот број на изостаноци по ученик, особено во учебната 2024/2025 година, а незначително зголемување за 0,9 во учебната 2025/2026 г. - Просторни и логистички пречки: Одбивање на дел од учениците да посетуваат дополнителна/додатна настава поради преобемниот дневен распоред на часови (по 7 часа на ден) и ограничувањата со организираниот превоз за учениците патници. - Кадровски дефицит во стручната служба: Во училиштето нема постојано вработен стручен соработник – дефектолог, поради што поддршката мора да се обезбедува преку надворешна соработка со основните училишта и ДСУРЦ „Искра“ – Штип.
Приоритети
- Подобрување на редовноста и успехот: Развивање на систем за мотивација на учениците преку примена на иновативни и интерактивни методи во наставата кои соодветствуваат на различни стилови на учење. - Зајакнување на соработката со родителите: Почести контакти и редовни средби со родителите на учениците кои имаат слаб успех или нередовно посетуваат настава, со цел заедничко следење на нивниот напредок. - Професионален развој и кадар: Организирање интерни обуки за наставниот кадар за

диференцирана настава и инклузивен пристап, како и иницирање постапка за вработување на стручен соработник – дефектолог/специјален едукатор.

Подрачје 3: Учење и настава

Опис/резиме на подрачјето
Процесот на самоевалуација во ова подрачје опфаќа сеопфатен увид во планирањето на наставниците, квалитетот на наставниот процес, искуствата на учениците, инклузивните практики, формативното и сумативното оценување, како и системот за известување на родителите. Резултатите се добиени преку анализа на официјални документи (дигитални и печатени годишни и тематски планирања, оперативни планови за час, извештаи од увиди и посети на часови, ИОП документи), евиденции за практична обука и детална обработка на прашалниците за наставници (каде 86.2% потврдуваат целосна поддршка од училиштето и меѓусебна соработка при планирањето), родители и ученици. Планирањето и реализацијата на наставата во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година се одвива доследно и во пропишаниот рок. Училиштето применува кабинетска настава во речиси сите сектори. Во наставниот процес успешно се интегрирани содржини од еколошко образование (62.07% од наставниците целосно ги вградуваат еко-стандардите) и меѓупредметни цели (86.2% интегрираат развој на самодоверба и човекови права). За тројца ученици со посебни образовни потреби се применуваат прилагодени Индивидуално образовни планови, а од учебната 2025/2026 година се обезбедени и соодветни образовни асистенти во соработка со ДСУРЦ „Искра“ – Штип. Практичната обука (практична настава, учење преку работа кај работодавач и летна феријална практика) се изведува континуирано во компании со кои има потпишано меморандуми за соработка, координирана од назначен училиштен координатор. Средината за учење е оценета како безбедна, стимулативна и естетски уредена, со нов училишен парк опремен со летниковец и бетонски маси. Учениците активно се поттикнуваат на одговорност преку проекти како еко-проектот *PhytoFusion* („Зелени тимови“) и младински иницијативи (хортикултурно уредување на дворот и поставување трибини). Наставниот кадар континуирано ги усовршува своите компетенции преку обуки за дигитална писменост (GOPA проект), вештачка интелигенција (*AI at work*), кариерно советување и медиумска писменост (УСАИД проект), што резултираше и со избор на наставник-ментор во 2025/2026 година. Оценувањето е континуирано и јавно (96.5% од наставниците соработуваат за подобрување на критериумите на стручните активи), а родителите редовно се известуваат преку родителски средби, евидентни листови во печатена форма и дигитални канали (Microsoft Teams, Viber, Е-дневник).
Силни страни
- Висок квалитет на наставно планирање: Изработени соодветни годишни, тематски и оперативни планирања во пропишаниот рок, со јасно дефинирани цели, исходи од учење и модуларни единици кои содржат еко-компоненти и меѓупредметна интеграција. - Одлична материјално-техничка и ИКТ опременост: Секоја училница е опремена со компјутер, интернет и ЛЦД проектор или андроид телевизор; училиштето располага со 16 смарт табли, 3 современи компјутерски кабинети опремени преку РЦФ проект, пен таблети, виртуелна

реалност (МЕТА 2) и дрон (DJ 1).
- Стручно усовршување на кадар: Континуирано учество на наставниците на релевантни обуки (дигитални алатки, инклузивна педагогија, генеративна вештачка интелигенција, ПИСА тестирања) и регионални конференции, што придонесува за напредување во звања (избран наставник-ментор).
- Ефективна практична обука: Успешно воспоставен систем на учење преку работа и феријална практика кај работодавачи, воден од училиштен координатор и поддржан со претходни обуки за „Безбедност и здравје при работа".
- Стимулативна и естетска средина: Уредување на училишниот простор со трудови на учениците и комплетно реновиран училишен двор-парк; развиени ученички иницијативи каде младите преземаат одговорност во тимови („Зелени тимови" во *PhytoFusion*, уредување спортски терени).
- Развиена соработка и мултикултурен сензибилитет: Реализирани успешни меѓуетнички работилници и изработен разговорник на четири јазици во партнерство со ОСМУ „Никола Штејн" – Тетово; активно волонтерство во Црвен крст и Новинарскиот клуб „Визија".
- Јавно оценување и родителски извештаи: Оценувањето е транспарентно и јавно, со развиен повеќеканален систем за информирање на родителите (формални состаноци, отворени денови по квартали, евидентни листови, SMS и е-комуникација).

Слаби страни

- Формативното оценување и навремената, квалитетна повратна информација за постигањата на учениците не се применуваат доволно систематски и континуирано кај сите наставни предмети.
-И покрај исклучителната техничка опременост со смарт табли, компјутери и ИКТ ресурси, кај одреден дел од наставниците сè уште ресурсите не се доволно искористени во наставата.
- Забележан е недоволен интерес, слаба активност за време на часовите и недоволна мотивација за извршување на домашните задачи кај одредена група ученици.

Приоритети

-Унапредување на наставниот процес преку задолжителна и поголема примена на интерактивни форми на работа, кооперативно учење, дискусии и методи кои ги стават учениците во центарот на часот.
-Доследна примена на јасни критериуми и редовно обезбедување квалитетна писмена и усна повратна информација за напредокот, со поголемо воведување на самооценувањето и меѓусебното оценување меѓу учениците.
-Поттикнување на активноста преку истражувачко учење: Зголемување на мотивацијата на учениците преку примена на современи наставни стратегии (проектно-истражувачко учење, Хакатони, примена на дигитални игри во наставата) кои развиваат одговорност и критичко мислење.
-Креирање дигитални наставни бази: Организирано збогатување на интерните ресурси преку континуирано ажурирање и создавање на е-материјали, видеопрезентации и прирачници, особено за стручните предмети каде што целосно недостасуваат учебници.
- Напредни обуки за наставниот кадар: Спроведување обуки и семинари со фокус на примена на генеративна вештачка интелигенција (AI) во училниците, напредни дигитални алатки, формативно оценување и стратегии за работа со ученици со АДХД и маргинализирани групи.
- Зајакнување на родителската е-врска: Изнаоѓање алтернативни решенија (дигитални групи,

редовно ажурирање на социјални мрежи, SMS платформи) за целосно информирање на родителите кои имаат потешкотии со користењето на Е-дневникот.

Подрачје 4: Поддршка на учениците

Опис/резиме на подрачјето
Процесот на самоевалуација во ова подрачје опфаќа детален увид во севкупната грижа за учениците, заштитата од повреди и елементарни непогоди, превенцијата од насилство и пороци, инклузивните практики за ученици со посебни образовни потреби (ПОП), грижата за социјално загрозените категории, како и советодавната помош од стручната служба и новововедените кариерни советници. Евалуацијата е спроведена преку анализа на релевантни документи (интерни протоколи за безбедност и постапување при насилство/алкохол/дрога, кодекси на однесување, планови за евакуација, други училишни документи), како и преку обработка на прашалници за наставници, родители и ученици. Училиштето обезбедува високо ниво на физичка безбедност во објектот и дворот (опременост со видео-надзор, приватна агенција за безбедност и редовно сервисирани ПП апарати). Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување се спроведуваат обуки и показни вежби за евакуација. Превенцијата од насилство и сајбер-безбедноста се третираат системски преку програма за превенција од насилно однесување со утврдени активности, интерни протоколи и правилници на МОН, реализација на превентивни активности и едукативни работилници за унапредување на менталното здравје и емоционалната добросостојба на учениците, развој на социо-емоционални вештини, асертивна и ненасилна комуникација, конструктивно решавање на конфликти и иновативни концепти како *Escape Room* за сајбер-заштита. Училиштето работи на навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми и потешкотии. Стручните соработници реализираат едукативни и советодавни разговори со учениците, нивните родители и наставниците, а се остварува соработка и со релевантни институции; Инклузијата е подигната на повисоко ниво со обезбедување образовни асистенти за ученици кои работат по индивидуален образовен план од учебната 2025/2026 година, со постојан увид на инклузивниот тим и соработка со ДСУРЦ „Искра“ – Штип. Социјално ранливите ученици се поддржани преку дискретни хуманитарни акции со Црвениот крст и финансиски грантови од општината. Од учебната 2025/2026 година во училиштето се назначени двајца кариерни советници кои заедно со тимот за кариерно советување и соработката со „Каритас“ (проект *Your job*) и мрежата „Стела“, спроведуваат тестирања за професионални интереси, работилници за CV, кариерни саеми и индивидуални советувања. Индивидуалниот напредок редовно се евидентира во е-дневникот и се анализира по паралелки на класните и наставничките совети за секој класификационен период.
Силни страни
-Висока безбедност и заштита во објектот: Училиштето располага со функционален видео-надзор, ангажирано обезбедување, јасен и видлив План за евакуација и сертифициран кадар за

ПП заштита. Спроведени се успешни реални показни вежби со учениците во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување.

-Училиштето има изготвено интерни документи /протоколи за превенција и постапување во случаи на насилно однесување, превенција од психо-активни супстанции, заштита на лични податоци и грижа за ученици со хронични заболувања

-Училиштето работи на навремено откривање на ученици со емоционални проблеми и потешкотии и води грижа за менталното здравје и емоционалната добросостојба на учениците обезбедувајќи психосоцијална и советодавна поддршка од страна на стручните соработници, како и соработка со релевантни институции;

-Ефикасна инклузивна поддршка (ПОП): Обезбедени образовни асистенти за учениците кои работат според ИОП (од учебната 2025/2026 г.), остварена блиска соработка со ДСУРЦ „Искра" – Штип и дефектолози од основните училишта, и активна работа на подигање на инклузивната клима меѓу соучениците.

-Во училиштето се реализираат активности за кариерно советување и професионално насочување на учениците од страна на кариерните советници, членовите на училишниот тим за кариерно советување и надворешни организации –Каритас, Мрежа Стела;

-Училиштето остварува успешна соработка со МВР, Центар за Социјална работа, здравствени институции, Општинска организација на Црвен крст-Гевгелија, невладини организации во доменот на реализација на превентивни активности овозможувајќи систематски и сестран пристап со вклученост на повеќе релевантни институции во превентивно делување;

-Училиштето презема разни активности за поддршка и помош на ученици од социјално ранливи семејства реализирајќи самостојни активности и активности во соработка со локалната самоуправа и институции од локалната и деловната заедница;

Слаби страни

-Некомплетирана стручна служба со стручен соработник – специјален едукатор (дефектолог), поради што комплетната стручна поддршка мора да се обезбедува преку надворешна соработка со други институции.

- Потреба од напредни практични обуки: Забележана е потреба од дополнителни практични работилници и напредни обуки за наставниот кадар во училиштето со цел унапредување на секојдневните инклузивни практики во училницата.

Приоритети

-Училиштето во Планот за систематизацијата на работни места да планира работно место за стручен соработник -специјален едукатор -дефектолог и да иницира вработување на стручен соработник – дефектолог/специјален едукатор со цел комплетирање на стручната служба и обезбедување целосна поддршка на ученици со посебни образовни потреби;

- Организирање дополнителни обуки за инклузија: Спроведување на наменски работилници и обуки за наставниот кадар и инклузивниот тим за усовршување на вештините за диференциран пристап во работата со ученици со посебни образовни потреби.

-Ширење на мрежата за кариерно советување: Понатамошно зајакнување на активностите за кариерно советување преку организирање отворени Кариерни денови, посети на универзитети и потпишување нови договори за соработка со успешни компании и работодавачи.

-Понатамошна превенција на насилство и пороци: Продолжување на соработка со МВР, Центарот за социјална работа и невладините организации за превенција од сајбер-насилство,

злоупотреба на ИКТ и заштита од психоактивни супстанции и унапредување на менталното и физичкото здравје; -Промовирање на здрави животни навики: Интензивирање на настаните и работилниците за здрава исхрана и физичка активност (како одбележување на Светскиот ден на храната) со цел подигање на општата здравствена култура кај младите. - Проширување на социјалните партнерства: Зајакнување на донаторските и хуманитарните активности во соработка со бизнис секторот за обезбедување дополнителна материјална и дидактичка поддршка на учениците од социјално ранливите семејства.

Подрачје 5: Училишна клима и односи

Опис/резиме на подрачјето
СОУ „Богданци“ е препознатливо во општината и регионот по безбедната средина, квалитетот на работа, позитивната клима и негувањето на родовата еднаквост, мултикултурализмот и младинскиот активизам. Обезбеден е еднаков и правичен пристап за сите ученици, независно од нивниот пол, етничка припадност или социјално потекло. Низ демократска процедура се усвоени Куќен ред и Кодекси на однесување за сите структури, кои се истакнати на видни места и во секоја училница. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на правилата од страна на учениците (Правилник за педагошки мерки), но нотиран е недостаток на вакви процедури за наставниот, стручниот и административно-техничкиот персонал. Во училиштето нема појави на закани, говор на омраза или навредливи графити, а проблемите со дисциплината се незначителни. Почитувањето на правилата постојано се следи за време на наставата и одморите преку воспоставен распоред за дежурства на наставниците. При појава на некоректно однесување, тимски интервенираат класните раководители, стручната служба, директорот и родителите. Вработените доследно ги почитуваат правата на учениците, со кои тие се запознаваат преку програмата „Образование за животни вештини“ на часовите на класната заедница. Иако средината е етнички хомогена, активно се подигнува свеста за различностите преку реализација на самостојни и заеднички мултикултурни активности со партнер-училиштето ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово, со цел надминување на стереотипите и предрасудите. Принципот на демократија се применува преку заедниците на паралелките и Ученичкиот совет, кој работи според официјален Деловник, координиран од двајца одговорни наставници и стручната служба. Учениците активно покренуваат истражувања, иницијативи и организираат хуманитарни, еколошки, новогодишни и матурски забави, како и избор на завршна екскурзија. Постигнатите резултати континуирано јавно се промовираат. Согласно интерниот правилник, учениците со просек 5.00 се наградуваат со пофалница и книга. Секоја година, по претходно распишан јавен оглас и утврдени критериуми, се избира Ученик на генерацијата, на кого му се доделува диплома и парична награда од 3.000 денари. Училиштето применува разновидни форми на комуникација со родителите. Остварена е силна партнерска соработка со Локалната самоуправа и институциите преку заеднички проекти,

еколошки акции и финансиска поддршка за волонтеризам. За квалитетна реализација на практичното образование и учењето преку работа, склучени се функционални договори и меморандуми со компании од општините Богданци, Дојран, Гевгелија и Валандово.
Силни страни
-Висок општествен углед и квалитет: Препознатливост на училиштето во општината и регионот преку активна соработка, одлични постигнувања на учениците, позитивна училишна клима и супериорна материјално-техничка опременост. -Професионална соработка и инклузивност: Развиена меѓучовечка соработка и взаемно почитување меѓу вработените, родителите и учениците, со обезбеден еднаков, правичен и недискриминаторен пристап за секој ученик. -Промовирање на мултикултурализмот: Успешно интегрирање на родовата еднаквост, меѓуетничката толеранција и интеркултурните вредности преку редовната настава, работилници за животни вештини и интензивна соработка со партнер-училиштето. - Демократско младинско учество: Воспоставена транспарентна и демократска процедура за формирање на класните заедници и Ученичкиот совет, со што се поттикнува активно учество на учениците во одлучувањето. - Системски мотивирачки механизам за успех: Ефикасен систем на јавно наградување на Патрониот празник со пофалници, доделување книги за одличен успех (5.00), плакети за менторите, како и избор на Првенец на генерацијата и наградување со пригодна награда во вредност од 3.000 денари. - Континуирана јавна промоција: Системско и континуирано истакнување на успесите на учениците преку веб-страницата, социјалните мрежи (училишни и општински), локалните медиуми, училишниот разглас, училишни билтени. - Силна институционална и локална поврзаност: Добро развиено партнерство со локалната самоуправа и институциите во реализација на заеднички проекти, хуманитарни и еколошки акции, младински волонтеризам и обезбедување финансиска поддршка. - Развиена соработка со бизнис-секторот: Склучени функционални меморандуми и договори со компании од Богданци, Дојран, Гевгелија и Валандово за непречено изведување на феријалната практика и учењето преку работа.
Слаби страни
- Кодексите за однесување на учениците и другите вработени во училиштето, Куќниот ред е потребно да се ревидираат
Приоритети
- Да се изврши ревидирање /ажурирање на Кодексите за однесување на учениците и другите вработени во училиштето и Куќниот ред - Задржување и ширење на мултикултурните партнерства: Понатамошно негување на меѓуетничката интеграција преку аплицирање за нови грантови од МОН и проширување на заедничките проекти со ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово и слични сродни училишта во земјата. - Зајакнување на граѓанскиот и волонтерскиот активизам: Поттикнување на учениците за уште поголема вклученост во заедницата преку нови иницијативи со локалната самоуправа, Црвениот крст и граѓанскиот сектор.

Подрачје 6: Ресурси

Опис/резиме на подрачјето
Процесот на самоевалуација во ова подрачје опфаќа детален и сеопфатен преглед на сместувањето и просторните капацитети на училиштето, опременоста со современи наставни средства и помагала, обезбеденоста со соодветен стручен кадар, следењето на потребите за личен професионален развој на наставниците, како и законитоста и транспарентноста во целокупното финансиско работење. За детална евалуација на состојбите извршен е непосреден увид во просторните капацитети, пописните листи на кабинетите, техничката опрема, библиотечната евиденција, досиејата на вработените, Годишната програма за професионален развој, како и во финансиските планови, извештаи и завршни сметки одобрени од страна на Училишниот одбор. Воспитно-образовната дејност на СОУ „Богданци“ се изведува во две училишни згради Училиштето располага со 13 кабинети, 8 училници, спортска сала (650 м²), фитнес просторија, отворена училница, надворешен спортски терен и 4 административно-педагошки простории. Дворот (3160 м²) е хортикултурно уреден, ограден и обезбеден со 24 камери за видео-надзор. Преку Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ) и сопствени инвестиции, кабинетите по информатика, математика, електротехника, градежништво и текстил се исклучително високо опремени со современи ИКТ алатки и дидактички помагала (вклучувајќи 22 ЛЦД проектори, 16 смарт табли, виртуелна реалност META 2, дрон DJI Air 2S, 25 графички таблети и напредни медицински симулатори во здравствениот кабинет кој делумно е лоциран и во Здравствениот дом – Богданци). Во училиштето има вкупно 53 вработени (34 од женски и 19 од машки пол), од кои 43 се наставници, двајца стручни соработници (психолог и педагог) и 2 ангажирани доктори-специјалисти. Кадарот е високостручен и рамномерно задолжен со обврски. Стручната служба уредно води евиденција во личните професионални досиеа на наставниците, кои континуирано посетуваат обуки за усовршување на професионалните компетенции. Финансиското работење е во целосна согласност со законските прописи, економично и транспарентно; буџетот се користи наменски за образовните цели, а раководниот кадар активно аплицира за проекти со цел стекнување дополнителни вонбуџетски средства.
Силни страни
- Ефикасна и максимална искористеност на просторот: Постоечките простории се максимално искористени преку добро испланиран распоред и успешно воведена кабинетска настава прилагодена на големината на паралелките. - ИКТ и техничка опременост: Училиштето располага со современа дигитална опрема (16 смарт табли, 22 проектори, андроид телевизори, компјутери за наставници во секој кабинет) и напредна технологија добиена преку РЦФ проектот (VR очила Meta Quest 2, дрон DJI, графички таблети, серверска опрема). - Специјализирани и опремени стручни кабинети: Добро опремени кабинети во сите сектори: електротехника (ПЛЦ, Ардуино, асинхрони мотори), градежништво и геодезија

(комплетна HTZ заштитна опрема, ласерски мерачи), текстил, кожа и слични производи и секторот здравство и социјална заштита (напредни гинеколошки симулатори, КПР торза, ЕКГ апарати, како и нов кабинет лоциран во Здравствениот дом).

- Висококвалификуван и одговорен наставен кадар: Воспитно-образовниот процес го водат соодветни, високостручни наставници и двајца лекари-специјалисти кои покажуваат висока редовност, професионализам и еднаква ангажираност во наставните и воннаставните активности.
- Континуиран професионален развој и следење обуки: Наставниците покажуваат исклучителен интерес за усовршување, успешно посетувајќи серија напредни обуки за дигитални материјали, зелени иновации и практична примена на Вештачка Интелигенција во наставата (*Advanced prompting*, изработка на слајдови со AI и сл.).
- Организирано менторство и досиеа: Успешно спроведување на законски приправнички стаж со доделени ментори за сите наставници-почетници, како и прецизно водење и редовно ажурирање на професионалните досиеа на кадарот.
- Законито и наменско финансиско работење: Финансиското планирање и трошење е економично, правично и целосно усогласено со законите. Постои висока транспарентност пред Училишниот одбор и развиена практика на аплицирање за меѓународни и национални проекти и грантови.

Слаби страни

- Изразен недостаток на простор: Училиштето се соочува со сериозен дефицит на просторни капацитети поради зголемениот број паралелки, што доведува до потешкотии при реализација на часовите.
- Немање просторија за Кариерен центар: Иако од учебната 2025/2026 година се воведени двајца кариерни советници со низа преземени активности, во училиштето сè уште нема обезбедено постојана, наменска просторија за функционирање на Кариерниот центар.

Приоритети

-Проширување и адаптација на просторот: Изнаоѓање решенија за проблемот со недостаток на простор, преку пренамена или обезбедување дополнителни простории за непречено изведување на часовите по изборни предмети кои се реализираат во групи.

-Обезбедување просторија за Кариерен центар: Планирање и опремување на постојана, независна просторија наменета за Кариерниот центар, каде кариерните советници ќе можат непречено да вршат индивидуални тестирања и советодавни сесии со учениците.

-Континуиран развој преку дисеминации: Понатамошно зајакнување на професионалните компетенции на кадарот преку задолжително организирање на интерни обуки, дисеминации од посетените семинари и реализација на отворени нагледни часови за примена на иновативни и интерактивни методи.

- Продолжување на трендот на наменско трошење и аплицирање за нови проекти (како досегашните успешни искуства со РЦФ) за континуирано доопремување на кабинетите со стручни материјали, потрошни ресурси и квалитетна литература.

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

Опис/резиме на подрачјето
Процесот на самоевалуација во ова подрачје обезбедува увид во ефикасноста на управувањето, визијата на раководниот орган, јасноста на стратешките цели и квалитетот на развојното планирање во период од 4 години. Анализата е направена преку темелен преглед на организациските документи (Статут на училиштето, Деловник за работа на Училишниот одбор, Записници од седници, Годишна програма, Развоен план, Извештаи за работа, пописни листи), како и преку длабински интервјуа со директорката, стручните соработници и обработка на прашалниците за вработени. Органите на управување и раководење во училиштето работат во силен партнерски однос, со јасно дефинирани надлежности и административни обврски. Со училиштето управува Училишен одбор (УО) составен од 12 членови, чиј претседател е реизбран, а работата се одвива легитимно, транспарентно и според донесен Деловник за работа. Раководењето го спроведува директорот (дипломиран економист - отсек финансиски менаџмент), на кој по успешната верификација на досегашните резултати, ѝ е доделен трет мандат. Раководството го следи наменското трошење на буџетот, ја поттикнува тимска работа (86.2% од наставниците потврдуваат учество во креирање на политиките), промовира еко-стандарди и инвестира во материјално-технички средства (набавени се 49 компјутери, 17 проектори, 5 ПЛЦ, мебел, 35 нови шкафови за наставници и заменети се 11 ПВЦ врати). Како клучен резултат на успешното менаџирање и соработката со МОН и Општината, од учебната 2018/2019 година постепено се воведени три нови струки (градежно-геодетска, електротехничка и здравствена струка). Во учебната 2025/2026 година, училиштето покажа исклучителен организациски капацитет како горд домаќин на Државното образовно рандеву МАССУМ.
Силни страни
- Високопрофесионално и искусно раководење: Директорката поседува јасна развојна визија, долгогодишно искуство и исклучителни менаџерски способности, што е потврдено со доделувањето на третиот последователен мандат. - Легитимно и усогласено управување: Училишниот одбор работи во целосно законски рамки, со уредно заведени записници кои претставуваат правна основа за постапување на сите вработени. - Транспарентна и инклузивна училишна политика: Висока вклученост на кадарот во одлучувањето – 86.2% од вработените потврдуваат дека учествуваат во креирањето на приоритетите, а 82.8% се вклучени во процесот на донесување одлуки. - Успешна реформа и модернизација на профили: Храбро и стратешко воведување на нови атрактивни струки (градежна, електро и фармацевтска) кои одговорија директно на потребите на пазарот на трудот и го зголемија бројот на паралелки. - Висок инвестициски и проектен капацитет: Обезбедување вонбуџетски средства преку проекти (како РЦФ и „Поглед во мојата иднина“) за набавка на 49 компјутери, ПЛЦ контролери, клима уреди, современа медицинска тренинг опрема и целосно опремување на 3 нови компјутерски училници.

- Одлична кадровска информираност: Секретарот на училиштето обезбедува навремени и целосни информации за сите законски измени во Службен весник (82.76% потполна согласност од наставниците). - Престижна регионална и државна афирмација: Успешна и беспрекорна организација на масовниот државен настан МАССУМ Образовно рандеву 2026, што дополнително го подигна угледот на училиштето на национално ниво.
Слаби страни
Просторен дефицит- растот на бројот на новите струки и паралелки создава потешкотии со постоечкиот простор
Приоритети
- Решавање на просторни предизвици: Покренување процедура и консултации со стручни лица и релевантни институции за изработка на предлог-проект за доградба или адаптација на објектите со цел обезбедување трајни просторни капацитети. - Понатамошно техничко доопремување: Продолжување на континуираниот тренд на опремување на училниците и кабинетите со најсовремени дидактички помагала, софтвери и техничка опрема согласно специфичните потреби на новите струки. - Задржување на проектната динамика: Подготовка и аплицирање со нови проектни апликации до домашни и странски донатори за привлекување дополнителни финансиски средства и осовременување на инфраструктурата (како новиот електротехнички кабинет во изградба за 2026/2027 г.).

Подрачје 8: Соработка со пазарот на трудот

Опис/резиме на подрачјето
Ова подрачје е клучен столб на средното стручно образование во СОУ „Богданци“, фокусирано на интензитетот на соработката со бизнис-секторот, имплементацијата на дуалниот концепт, квалитетот на Учењето преку работа кај работодавач (УПР) и кариерното советување. Евалуацијата е спроведена преку анализа на трипартитни договори (Училиште - Компанија - Родител/Ученик), евиденциски дневници за пракса, месечни извештаи од ментори и наставници-координатори, како и преку статистички податоци од анкетите. Училиштето има развиено цврста и функционална мрежа на социјален дијалог. Во електротехничката струка мрежата е проширена на 35 партнерски компании (вклучувајќи ги ЕВН Македонија, Дојран Стил, Роад Гејмс), поддржана со редовни стратешки состаноци за донација на опрема и усогласување на трендовите за обновливи извори и 3Д технологии. Во градежно-геодетската струка воспоставено е партнерство со 5 реномирани компании каде учениците учат дигитално проектирање и надзор. Во сообраќајната струка потпишани се меморандуми со дури 19 транспортни и шпедитерски претпријатија (Пошта на СМ, МЖ Транспорт, Десива и др.) за профилот техничар за транспорт и шпедиција. Во здравствената струка соработката опфаќа клучни институции (ЈЗУ Општа болница - Гевгелија, Психијатриска болница - Негорци и др.).

Во текстилната струка, дуалниот модел обезбедува индивидуален менторски пристап на најсовремени производствени линии. Стипендијата од МОН (3500 денари месечно) дополнително ја зајакнува редовноста на учениците. Кариерниот развој на учениците е следен од тимот за кариерно професионално насочување.
Силни страни
-Успешно имплементиран дуален концепт во сите пет застапени сектори во училиштето. -Силни и одржливи бизнис партнерства: Потпишани функционални меморандуми со голем број реномирани локални и регионални компании (над 35 компании само во електро-секторот и 19 во сообраќајниот сектор), кои нудат висок општествен престиж и деловна етика. -Висока вработливост и усогласено вертикално движење: Директно преминување од училишната клупа во светот на трудот во компаниите каде се изведувала праксата (сообраќајна, текстилна) и исклучително висока стапка на продолжување на факултет во здравствената струка (83.3%). -Конкретен развој на меки и претприемачки вештини: Успешна реализација на содржините „Ученичка компанија“, „Планирање кариера“ и „Активно барање работа“, кои кај учениците ја поттикнуваат самодовербата и вештини за симулација на реални интервјуа за работа.
Слаби страни
-Потреба од дополнителна поддршка за менторите во однос на педагошки вештини: Капацитетот на компаниите во локалната средина за прием на ученици од електро-техничка струка за реализација на УПР за разлика од огромната побарувачка во здравствениот , градежниот, сообраќајниот и текстилниот сектор.
Приоритети
-Активен ангажман на стручните активи и раководството на училиштето за мапирање, воспоставување контакти и потпишување нови меморандуми со претпријатија од поширокиот регион во делот на електротехниката , со цел да се прошири капацитетот за прием на ученици за реализација на Учењето преку работа (УПР) и да се усогласи со успешните практики од останатите сектори.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа во СОУ„Богданци“

- Зајакнување на инклузивните практики и поддршката за ученици со ПОП;
- Унапредување на наставниот процес со примена на современи, интерактивни наставни форми, методи и техники на работа;
- Ажурирање на интерните кодекси во училиштето;
- Проширување на дуалното образование и партнерствата со компании;
- Решавање на просторни предизвици;
- Обезбедување просторија за кариерно советување на учениците;
- Зајакнување на соработката со родителите и
- Развивање на систем за мотивација на учениците .
- Доследна примена на јасни критериуми и редовно обезбедување квалитетна писмена и усна повратна информација за напредокот, со поголемо воведување на самооценувањето и меѓусебното оценување меѓу учениците.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата:
Валентина Манолева – психолог
Андријана Тренчовска – педагог
Драгица Ѓавочанова – наставник
Верица Ризовска – наставник
Дијана Цветковска – родител

СОУ„Богданци“- Богданци
Директор
Росица Шабанова